ДЕКЕМВРИ 2023 | БРОЈ 6

# ПРОГРАМА ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА БАЛКАНСКИОТ РИС

*Билтен*

**Новости и репортажи:**

стр. **2** | Улогата за ловците во заштитата на балканскиот рис и неговиот плен

стр. **3** | Балканскиот рис во центарот на јавната кампања во Тирана **#AlbaniaisBiodiversity**

стр. **4** | Состанок на **LIFE Lynx** и **Eurolynx** во Задар, Хрватска

стр. **5** | Дивокоза за првпат фотографирана на Галичица во албанскиот Национален парк „Преспа“

стр. **6** | Чинителите на средба со експерите за крупни месојади

стр. **7** | Пошумување во Паркот на природа „Мунела“ – иницијатива што буди надеж за загрозениот балкански рис



## НА ПРАВИОТ ПАТ - ПОДГОТВЕНИ ЗА 2024 Г.!



© ERA/BLRP

# УЛОГАТА ЗА ЛОВЦИТЕ ВО ЗАШТИТАТА НА БАЛКАНСКИОТ РИС И НЕГОВИОТ ПЛЕН

*Автори: Мелитијан Незај, Бледи Хоџа, Клаудија Кочи и Илир Шути*

Како што е веќе познато, зачувувањето на балканскиот рис, таа величествена мачка, како и неговиот плен, е од исклучителна важност за одржување на еколошката рамнотежа во балканскиот регион. Иако заштитарските заложби често се поврзуваат со организациите за заштита на дивиот свет и со надлежните институции, ловците исто така играат клучна улога во зачувувањето на видот.

Одржливите практики на лов се составен дел од заштитарството, и тоа не го засега само ловниот дивеч, туку целокупниот див свет, вклучувајќи го и балканскиот рис. Ловците се клучни чинители за промовирање одржлив лов, бидејќи и тие имаат интерес да не ја загрозат долгорочната одржливост на дивите популации. Дополнително, нивните набљудувања на терен придонесуваат при носење одлуки за квотите и ловната сезона, а тоа уште повеќе придонесува за одржливите практики на лов.

Ловните друштва од териториите на рисот служат како важни застапници за подобро законодавство за ловство и негово усогласување со целите за заштита на дивиот свет. Препознавајќи ја важноста од заедничко дејствување за зачувување на дивиот свет, ловците активно бараат партнерства со невладините организации посветени на заштитата на биолошката разновидност.

ППНЕА веќе има воспоставено долгорочна соработка со Албанската ловечка федерација. Работилницата, организирана во Тирана на 18 септември 2023 г., имаше за цел да воспостави соработка помеѓу ППНЕА и ловечките друштва. На работилницата учествуваа над 60 претставници од здруженијата на ловци од регионите Скадар, Кукс, Леж, Елбасан и Корча, кои се значајни по присуството на рис. Главната цел беше да се промовира меѓусебната поддршка и разбирање. Ваквото партнерство ќе обезбеди заштита на популацијата на рисот, зачувување на живеалиштата и одржливо користење на природните ресурси. Имаме заеднички интереси во подрачјата на рисот. Тоа вклучува промовирање одговорни практики на лов, екотуризам и едукација на локалните заедници за вредноста на рисот и неговите живеалишта. И здруженијата на ловци и ППНЕА можат да работат заедно за да ја следат популацијата на рисот и да спроведат подлабоки генетски истражувања. Ловците бараат спроведување на законските прописи за лов, воспоставување заштитени подрачја и кривично гонење на оние кои се занимаваат со криволов.








© PPNEA/BLRP



© PPNEA/BLRP

# БАЛКАНСКИОТ РИС ВО ЦЕНТАРОТ НА ЈАВНАТА КАМПАЊА ВО ТИРАНА #ALBANIAISBIODIVERSITY

*Автори: Клаудија Кочи и Лорена Пузе Џафај*

Секој ден, од 3–21 октомври, три недели едноподруго, ППНЕА го привлекуваше вниманието на албанските граѓани и странските посетители во Тирана со масивен мурал на главниот плоштад. Мозаикот „Албанија е биодиверзитет“, внимателно конципиран од светски познатиот уметник Кадир Озмен, а во изведба на Кледи Ески, содржеше 38 најзагрозени и најхаризматични видови од Албанија, меѓу кои централно место заземаше балканскиот рис. Опколен со „инфокули“, каде беа изложени птици и цицачи, мозаикот привлекуваше посетители на образовно-информативното катче.

Експертот за едукација на ППНЕА, Клаудија Кочи, специјално за оваа јавна кампања осмисли едукативна тура со бројни интерактивни активности поврзани со балканскиот рис, египетскиот мршојадец и другите загрозени видови. Едночасовната едукативна турнеја беше искуствен настан со кој основците учеа за карактеристиките на балканскиот рис, екологијата и заканите, илустрирани преку испечатени рис и плен во вистинска големина, тридимензионален модел од рис, одење по стапките на рисот преку отпечатоци од гипс, раскажување со „Шпреса, надеж за балканскиот рис“ и снимки од фотозамки.

Учествуваа над 900 основци и средношколци, од 17 училишта во Тирана. Низ игра и едукација, едукативното катче ги занимаваше и забавуваше младите посетители.

Образовното катче, привлече и околу 100 студенти на 4 тематски настани фокусирани на управувањето со балканскиот рис и биокоридорите. Преку дискусии со рисаџискиот тим на ППНЕА и изложби, се споделуваа нови сознанија за овој критично загрозен вид, врз основа на најновите истражувања, со цел да се разберат неговиот статус, резултатите и предизвиците за негова заштита.

Кампањата #AlbaniaisBiodiversity беше заедничка иницијатива на Друштвото за заштита и зачувување на животната средина во Албанија (ППНЕА) и фондацијата Хајнрих Бол Тирана поддржана од Амбасадата на Швајцарија во Албанија, Делегацијата на ЕУ во Албанија, Амбасадата на Германија во Албанија, Амбасадата на Франција во Албанија, АИКС Тирана и Водафон Албанија. Целта беше едукација и зачувување на некои од најнеобичните и најзагрозени видови на Албанија, како и природните добра на земјата.

# СОСТАНОК НА LIFE LYNX И EUROLYNX ВО ЗАДАР, ХРВАТСКА

*Автор: Александар Павлов*

Секогаш е убаво кога на едно место ќе се соберат колеги рисаџии. А раздвижениот и живописен Задар, местото каде се одржуваше средбата, уште повеќе го разубави четиридневното доживување!

Првите два дена (26 и 27 септември) беа посветени на Меѓународната конференција на програмата LIFE Lynx. Под мотото „Заедно за рисот“, настанот ги собрасите луѓе што на некој начин имаат врска со проектните активности. Таму ни ги претставија резултатите и остварувањата од заложбите за зачувување и зајакнување на динарско-алпската популација на рисот. Темите опфаќаа историски преглед на состојбата со рисот, еколошки аспекти, со осврт на погодноста на живеалиштата и конективност, заштита и управување, комуникација, сè до генетско олабнување и зајакнување на популацијата. Освен состанчење, учесниците имаа прилика да го видат волшебниот национален парк „Пакленица“, местото каде е ослободен еден карпатски рис.

Другите два дена (28 и 29 септември), настанот речиси неосетно во Петтиот состанок на платформата Eurolynx. Дел исти, дел различни лица, но сè уште истата еуфорија околу новитетите во научноистражувачката работа за рисот.




И тука повторно се уверивме колку вреди да се биде дел од една таква заедница која промовира научна соработка и поврзува 51 член од 21 држава.

Со оглед дека повеќето истражувачи на рисот од Европа веќе се дел од мрежата, имавме ретка прилика од прва рака да дознаеме за најновите истражувања поврзани со екологијата на движење на рисот во Европа и да видиме можности за идна научна соработка.

Тимот на БЛРП беше пресреќен да биде дел од двата настана, бидејќи тие беа подиум за споделување знаења и искуства – нешто што секако ќе ни треба во новото поглавје од Програмата за закрепнување на балканскиот рис, каде фокусот ќе биде ставен на генетските аспекти за оваа таинствена мачка.



# ДИВОКОЗА ЗА ПРВПАТ ФОТОГРАФИРАНА НА ГАЛИЧИЦА ВО АЛБАНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН ПАРК „ПРЕСПА“

*Автори: Бледи Хоџа, Аднанд Бего, Емир Ѓузели, Клаудија Кочи, Мелитијан Незај, Илир Шути и Александар Трајче*

Друштвото за заштита и зачувување на животната средина во Албанија (ППНЕА) и управата на Националниот парк „Преспа“ спроведоа заеднички мониторионг на балканската дивокоза (*Rupicapra rupicapra balcanica*) во Галичица на 1 ноември 2023 г. Притоа за првпат беше евидентирана балканска дивокоза на североисточниот дел од Галичица, на надморска височина од 2044 m.

Спроведувачите на мониторингот успеаја да регистрираат мало стадо дивокози со 4 возрасни единки (1 мажјак и 3 женки). Со ова се потврдува дека Галичица нуди поволно живеалиште за дивокозата, која таму се засолнува и се рамножува. Со оглед на екологијата на видот, пребројувањето на единките се вршеше рано наутро, кога дивокозата е најактивна. Исто така, есен е најповолно годишно време за мониторинг на дивокоза, бидејќи тогаш е сезоната за парење, а со тоа се овозможуваат поопсежни податоци за структурата на нејзината популација. Во овој период, сите дивокози се мошне активни.

Планинскиот масив Галичица во Албанија и Македонија изобилува со важни живеалишта, како алпски пасишта и карпести предели, кои дивокозата ги користи за пасење и засолнување.

Балканската дивокоза е заштитенн вид според албанското законодавство и е класифицирана како ранлив вид според Црвената листа на флора и фауна во Албанија. Присуството и понатамошната заштита на дивокозата и нејзиното живеалиште во НП „Преспа“ позитивно ќе влијае и врз закрепнувањето на популацијата балканскиот рис, бидејќи таа претставува еден од главните пленови на овој месојад.

Успешното пребројување на Галичица се оствари низ низа чекори, разгледувајќи повеќе постапки за мониторинг и усвојување заеднички протокол на прекугранично ниво, како и теоретска и практична обука од страна на грчкото Друштво за балканска дивокоза. Самите трансекти и местата за набљудување беа дефинирани во рамки на специфични живеалишта за дивокоза. Со зајакнување на капацитетите преку ПОНТ, групата за мониторинг од ППНЕА, Регионалната агенција за заштитени подрачја на Корча и НП „Галичица“ ќе добие подобра екипираност за заеднички прекуграничен мониторинг и со тоа ќе стекнува подобри податоци за преземање понатамошни мерки за заштита и управување на популацијата. Исто така, во 2024 г. се планира и дополнителен мониторинг на дивокозата во подрачја каде има потврдено присуство на балкански рис, и тоа, во Полис-Валамара и Мунела.






# ЧИНИТЕЛИТЕ НА СРЕДБА СО ЕКСПЕРИТЕ ЗА КРУПНИ МЕСОЈАДИ

*Автор: Диме Меловски*

Европската иницијативата за големи месојади (LCIE) е експертска мрежа на научници и истражувачи за големи месојади од цела Европа. Од 1995 година, кога LCIE е оформена, постепено се зголемува и моментално е распространета во 32 европски земји и брои 55 членови. Од 2010 година, статусот на LCIE се промени во Специјалистичка група во рамките на Комисијата за опстанок на видови (SSC) на Меѓународната унија за зачувување на природата (IUCN).

Годинава, состанокот на LCIE се одржа во Охрид. Ова беше одлична можност за тимот на балкански рис да покани релевантни чинители од сите три земји и да го обелодени лошиот статус на балканскиот рис и потребата од негово зајакнување. Членовите од министерствата за животна средина и шумарство, Ловечките федерации, Националната агенција за заштитени подрачја во Албанија, како и од националните паркови „Маврово“ и „Бјешка е Немуна“ (Косово) имаа можност да разговараат за големите проблеми со месојадите со кои се соочуваат со експерти од регионот. Покрај планот за зајакнување на балканскиот рис и главната закана од размножување во сродство, ги претставивме опасностите со кои се соочува популацијата на волкот и кафеавата мечка во Југозападен Балкан.



Поконкретно, неповолниот правен статус на волкот во Северна Македонија е тема на која и треба брза промена бидејќи има индиции дека популацијата се намалува. Спротивно на тоа, популацијата на кафеави мечки во Македонија е многу веројатно во пораст, а со недостигот на природна храна оваа година, ги натера мечките да се впуштат во планинските села и да предизвикаат страв и неред. Решавањето на овие прашања беше од големо значење за засегнатите страни да добијат подобра перспектива околу можностите за управувањето што се спроведуваат во другите европски земји.

Сè на сè, состанокот беше успешен не само за членовите на LCIE и завршување на нивните годишни задолженија, туку и за тимот за балкански рис за запознавање на експертите со најрелевантните луѓе кои работат во заштитата и управувањето со природата во опсегот на распространување на балканскиот рис.






# ПОШУМУВАЊЕ ВО ПАРКОТ НА ПРИРОДА „МУНЕЛА“ – ИНИЦИЈАТИВА ШТО БУДИ НАДЕЖ ЗА ЗАГРОЗЕНИОТ БАЛКАНСКИ РИС

*Автор: Џемал Џери и Илир Шути*

Смело, за да му се пркоси на уништувањето на шумите и да се заштитат растенијата и животните, група млади, во координација со експертите на ППНЕА, повторно се приклучија на тековните активности од кампањата за пошумување. Оваа акција се одвиваше во Паркот на природа „Мунела“ и околните биокоридори, меѓу кои Националниот парк „Албански Алпи“, Паркот на природа „Кораб-Коритник и подрачјата Ибале-Флет и Скавица. Иницијативата носи благородна мисија да ја врати рамнотежата на екосистемот со засадување домашни видови дрвја и создавање одржлива средина за дивиот свет, особено за критично загрозениот балкански рис.

На 23 декември, локалното население и волонтерите заедно со еколошките организации, со владина поддршка од општината Фуше-Арез и Регионалната агенција за заштитени подрачја (РАПА), ги здружија силите и засадија над 3500 садници од црн бор (*Pinus nigra* Arn.) во деградираните области на ПП „Мунела“ и околу 200 јаткасти дрвја (локални видови ореви и костени) близу станбени области во координација со заедницата. Кампањата ќе продолжи во јануари и февруари.

Регионот Мунела и околината низ децениите се соочуваат со зголемени закани поради човечките активности и прекумерната експлоатација.

Главни закани се нелегалната сеча и криволовот, прекумерното напасување, како и подметнатите пожари. Ваквите штети се изразени во илјадници хектари деградирани шуми кои претставуваат ризик за самиот природен систем и за живиот свет од подрачјето. Дополнително, ваквите појави претставуваат огромен ризик за локалните заедници, со загуба на дрвна маса и појава ерозија на високите места, што го зголемува ризикот од природни штети и негативно влијание врз микроклимата.

Оваа иницијатива е надеж за закрепнување на регионот Мунела и на критично загрозениот балкански рис, но и поттик за развој на екотуризмот и создавање начини за одржлива егзистенција.



# Програма за закрепнување на балканскиот рис (Balkan Lynx Recovery Programme - BLRP)

„Програмата за закрепнување на балканскиот рис” е партнерски проект помеѓу фондацијата Еуронатур - Германија, организацијата КОРА - Швајцарија, Македонското еколошко друштво, ППНЕА – Албанија и ЕРА – Косово.

Повеќе информации на:
https://www.facebook.com/balkanlynx




Environmentally Responsible Action

PPNEA
PROTECTION AND PRESERVATION OF NATURAL ENVIRONMENT IN ALBANIA
•SINCE 1991•

MACEDONIAN ECOLOGICAL SOCIETY

KORA
RAUBTIERÖKOLOGIE UND WILDTIERMANAGEMENT

euroNATUR

Изработува: EuroNatur Foundation Westendstraße 3 78315 Radolfzell Germany info@euronatur.org